Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
30-03-2016 година
Потпис: ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15 и 192/15) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот за спроведена постапка број 05-001823/16-0019 од 22.03.2016 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена остапка со барање за прибирање на понуди со оглас број 04/2016 за доделување на договор за јавна набавка на „Одржување на систем за наплата", како најповолни понудувач се избира:

- Друштво за информатика АРТИСОФТ Ѓорѓе Дооел увоз-извоз Скопје

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачите во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001823/16-0002 од 08.02.2016 за набавка на „Одржување на систем за наплата".

Потребните средства во вкупен износ до 200.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, планирани со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 787, програма 20, ставка 424.

Согласно член 100, член 121 и член 125-а од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со барање за прибирање на понуди, во хартиена форма, со примена на електронска аукција.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001823/16-0019 од 22.03.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере:

- Друштво за информатика АРТИСОФТ Ѓорѓе Дооел увоз-извоз Скопје

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Радеска -Крстевска

Бр. 05-001823/16-0021

Скопје, 28.03.2016 г.
30-03-2016

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Горан Кузевски
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески